CEF
Connect. Learn. Act.



# ОБУКА ЗА СЕРТИФИЦИРАЊЕ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОГРАМАТА *PACT*

**Обуката за сертифицирање на сметководители во јавниот сектор (*Public Accountants Certification Training - PACT*) е меѓународно призната програма за стекнување на професионални квалификации која е наменета за сметководители од јавниот сектор. Таа опфаќа обука во училница, полагање испити и дополнителни активности кои се наменети за градење на капацитетите.**

Програмата ги комбинира теоријата и практичното искуство и ги следи најдобрите меѓународни стандарди и практики: некои од темите кои се опфатени се управувачко сметководство, управување со финансии и со договори, меѓународни сметководствени стандарди во јавен сектор (МССЈС), различни пристапи во здравото финансиско управување и ревизија и уверување. Сите тие заедно создаваат една солидна основа за вработените во јавниот сектор, во новниот премин кон пресметковно сметководство, и ги истражуваат чекорите што треба да се преземат во рамките на воведувањето на МССЈС.

*PACT* програмата е подготвена од нашиот партнер од Обединетото Кралство, Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (*CIPFA*) и истата е приспособена од страна на *CEF* на конкретните потреби на државите.

Во оваа публикација подетално ја разгледуваме најновата имплементација на оваа програма која беше направена во периодот 2020 - 2021 година. Третата генерација сметководители од јавниот сектор во Северна Македонија учествуваа во Нивото 1 (ниво на сертификат), реализирано во вонредните услови наметнати со пандемијата на КОВИД-19, поради кои програмата за прв пат целосно беше реализирана преку интернет. Во 2022 година, *CEF* ќе продолжи со напорите за градење на капацитетите на сметководителите од јавниот сектор во Северна Македонија, така што ќе овозможи продолжување на обуката на Ниво 2 (ниво на диплома).

# СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

## МОДУЛИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СЕРТИФИКАТ

### УПРАВУВАЧКО СМЕТКОВОДСТВО
Опсег на управувачко сметководство во организациите од јавниот сектор, вклучително и обезбедување одржливост на ресурсите; улога на буџетите, извршување на буџетот и буџетска контрола во краткорочните и среднорочните финансиски планови; евидентирање на податоци за трошоците и користење на техники за утврдување трошоци; примена на управувачки информации во одлучувањето.

### ФИНАНСИСКО СМЕТКОВОДСТВО
Работна средина и етички стандарди на професионални сметководители; сметководствени основи и принципи на двојно сметководство; подготовка на сметководствена евиденција која ги исполнува стандардните тврдења на финансиските извештаи и барањата на избраните МССЈС; подготовка на едноставни финансиски извештаи за трговци-поединци; водење на сметководствена евиденција и подготовка на финансиски извештаи.

### НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО ЗА ЈАВНИ ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И ОДАНОЧУВАЊЕ
Преглед на законодавните планови во јавните финансии; структура на јавниот сектор на земјата; принципи и практики на државното сметководство; буџетирање и сметководствен систем; извори на приходи, вклучувајќи оданочување, такси, закупнини и давачки; клучни елементи на приходи и расходи; администрирање и сметководство на плати и пензии за вработените во јавниот сектор; законодавна и организациона рамка на Канцеларијата на главниот сметководител; законодавно уредување на договори за јавни набавки; основање и работење на компании.

## МОДУЛИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ ДИПЛОМА

### РЕВИЗИЈА И УВЕРУВАЊЕ
Опсег и законско, регулаторно и етичко опкружување во кое се вршат ревизиите; процедури за проценка на ризик и планирање што се бараат со интерните и екстерни стандарди; подготовка на работни документи за извршеното тестирање за да се обезбедат доволни и соодветни ревизорски докази; употреба на ревизорски докази за формирање на ревизорско мислење; подготовка на работни документи за процедурите за финализирање на ревизијата; улогата на внатрешната ревизија и поврзани задачи.

### ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ
Улога на финансиското управување и на економското опкружување во кое функционираат организациите; финансиски институции и пазари кои го олеснуваат финансирањето; улогата на управувањето со трезорот и примената на алатките и техниките што се користат за управување со финансискиот ризик; техники за проценка на финансиски инвестиции со цел евалуација на капитални проекти; пресметка на интерни и екстерни цени земајќи ги предвид релевантните економски и организациски фактори; ефективни техники за управување со обртни средства.

### УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ И БИЗНИС
Примена на клучни алатки и техники за да се обезбеди успешно управување со проекти, вклучувајќи конкретни прашања поврзани со информатички проекти и промена на процеси; техники за реализација на успешни програми; пристапи и техники за планирање на промени, управување со процесот на промена и воведување нови начини на работа; техники за спроведување преку кои се носат промени и се постигнуваат стратешки резултати, како и набавка на стоки, работи и услуги што ги бара бизнисот.

### ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР
Рамка за надворешно финансиско известување за јавниот сектор; подготовка на клучни надворешни финансиски извештаи со примена на релевантни сметководствени стандарди; регулаторна рамка за мерење на работниот учинок во организациите од јавниот сектор.

# ГЕНЕРАЦИИ И ДОНАТОРИ

| | СМЕТКОВОДИТЕЛИ КОИ СЕ СТЕКНАЛЕ СО СЕРТИФИКАТ | СМЕТКОВОДИТЕЛИ КОИ СЕ СТЕКНАЛЕ СО ДИПЛОМА | ДОНАТОРИ НА ПРОЕКТОТ |
|---|---|---|---|
| ПРВА ГЕНЕРАЦИЈА 2012–2013 | 24 | | **Министерство за надворешни работи на Словенија** преку *Slovenian Aid*<br>**Централноевропската иницијатива (*CEI*)** |
| ВТОРА ГЕНЕРАЦИЈА 2014–2016 | 10 | 9 | **Светска банка, преку *SAFE* Фонд**<br>**Централноевропската иницијатива (*CEI*)** |
| ТРЕТА ГЕНЕРАЦИЈА 2020–2021 | 19 | | **Министерство за надворешни работи на Словенија** преку *Slovenian Aid* |
| | 62 ВКУПНО | | ***CEF* и Министерството за финансии на Северна Македонија** ги поддржаа сите проекти на *PACT* преку *in-kind* придонеси |

# ПРОГРАМАТА *РАСТ* ЗА ВРЕМЕ НА КОВИД-19 2020–2021



# СИЛНА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ПАРТНЕРИ





Денес не е можно да се замисли работењето на јавниот сектор и остварувањето на неговите функции, активности и задачи, без квалитетни сметководствени информации. Сметководството, финансиското известување и обелоденувањето на сметководствените информации се битни претпоставки на добрата пракса на финансиското управување во јавниот сектор.

Влијателната улога на сметководителите врз економската стабилност ја препозна Министерството за финансии, кое уште во 2008 година изрази потреба во соработка со *CEF* за развој на знаењето и способноста на сметководителите.

Министерството за финансии во соработка со *CEF* е вклучено во координирање на *PACT*. Организирањето на обуките и испитот е добра можност за вработените во јавниот сектор да посетуваат предавања на пресметковна основа, со примена на меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор.

Обуката и испитот за сметководителите во јавниот сектор се единствени од овој вид и се со висок квалитет. Овој образовен процес ќе им помогне на сметководителите во јавниот сектор да го унапредат својот начин на размислување за значењето на сметководствената информација за сите нивоа на управување, а посебно на оние кои донесуваат економски, политички и управувачки одлуки.

Искуството кое го стекнавме во изминативе две години (2020 и 2021) во координирање на активностите поврзани со обуките и испитот за сметководители во јавниот сектор, ни помогна да ги зајакнеме и развиеме професионалните капацитети на Министерството за финансии, што дополнително влијае и на резултатите на нашето работење.

Задоволство е да се работи со институција како *CEF*. Научивме многу низ процесот на организирање на обуките и испитите за сметководители во јавниот сектор. Пренесената пракса, знаење и искуство ќе ги примениме кај новите програми за обуки и испити кои независно, локализирано ќе ги спроведуваме преку Академијата за јавни финансии.

**ЛЕНЧЕ ТАГАСОВСКА**
Раководител на Сектор за финансиски систем
Министерство за финансии

**ЗЕЈНИЕ ЕЛМАЗИ**
Локална координаторка
Министерство за финансии



Задоволство ми е што можам да ги видам резултатите од словенечката поддршка за Северна Македонија, не само во политичка смисла, туку и со конкретни активности во голем број на практични области. Обуката на сметководители во јавниот сектор и ревизори е важна за институциите и за лицата кои се главни корисници на проектот, како и за општата доверба на јавноста во функционирањето на државата.

Словенечкиот фонд за развојна помош во изминативе 11 години има финансиски поддржано повеќе проекти во Северна Македонија, во различни области, во вкупна вредност од околу 26 милиони евра. Ниту една друга земја од Западен Балкан, освен Босна и Херцеговина, во изминатава деценија нема добиено толкав износ на наша развојна помош, која главно е фокусирана на областите кои се предводници во процесот на пристапување во ЕУ.

Среќен сум што проектот *PACT* во Северна Македонија дојде до своето успешно завршување, со доделени сертификати на вкупно 19 учесници. Нема сомнение дека знаењето кое тие го имаат стекнато во обуките ќе доведе до драгоцен напредок во сферата на сметководството во јавниот сектор. Дополнително, овој проект ги поддржува и потребните реформски процеси во земјата и на тој начин придонесува за исполнување на условите за пристапување во ЕУ.

**МИЛАН ПРЕДАН**
Амбасадор на Република Словенија во Република Северна Македонија



*CIPFA* искажува задоволство од тоа што овозможува поддршка на програмата *PACT* во Северна Македонија, која досега успешно се реализира за три генерации на ниво на сертифицирање и за една генерација на ниво на диплома. Програмата *PACT* за нас е важно средство за развивање на капацитетите на службениците во јавниот сектор и за спроведување на реформите во овој сектор, особено кога станува збор за сметководство во јавниот сектор.

Заеднички со *CEF*, успеавме да им овозможиме на сметководителите од јавниот сектор дополнително да се обучуваат и да ги развиваат своите вештини, а сето тоа со истовремено надградување на нивните професионални квалификации и на знаењето.

За време на последните обуки имавме соработка со *CEF* не само за целите на реализација на тие обуки, туку и за низа дополнителни активности. Имавме можност од прва рака да споделиме знаење заедно со сметководителите за тоа како финансиското и управувачкото сметководство можат да поддржат подобро донесување одлуки во услови на пандемија со КОВИД-19. За прв пат одржавме и заедничка конференција со *CEF*, Поддршка на развојот и синергиите во сметководството и ревизијата, организирана во летото 2021 година. Конференцијата беше комбинација на македонската и меѓународната експертиза во оваа област.

Со задоволство ја продолжуваме нашата соработка со *CEF* за да обезбедиме одлични резултатите во обуките и во квалификациите за МССЈС. Горди сме што доделуваме сертификати на успешните кандидати кои учествуваа во програмата и им честитаме на нивните одлични резултати.

**КАЛИД ХАМИД**
Меѓународен директор
*CIPFA*



Финализирањето на имплементацијата на *PACT* во Северна Македонија во истата година кога *CEF* слави 20 години постоење има одредено симболично значење. *CEF* соработува со Северна Македонија во голем број на проекти и активности веќе цели две децении.

Ние дававме поддршка на развојот на капацитетите на јавните службеници и на институциите за спроведување на реформите во управувањето со јавните финансии, како преку техничко знаење така и преку лидерски вештини. Во 2008 година, Северна Македонија беше една од првите земји која заедно со нас спроведе обука за сертифицирање на сметководители. Оттогаш досега, голем е бројот на сметководители и ревизори кои учествуваа во нашите програми за сертификација; 193 од нив се стекнале со сертификати или дипломи во изминатите 13 години. Се чувствуваме почестени што ни е доверена важна улога во развојот, дизајнирањето и реализацијата на овие програми. Тесно соработувавме со јавните институции за да одговориме на потребите на нивните тимови и поединци.

Програмата *PACT* посветува внимание на многу области кои го поддржуваат успешното спроведување на реформите во јавниот сектор. Најпрвин, таа обезбедува локална одржливост на проектот преку создавање на група од обучени предавачи и студенти, кои потоа можат да реализираат локализирана обука за сите јавни сметководители. Второ, ја усогласува обуката со националното законодавство, комбинирајќи ги најдобрите меѓународни практики и спецификите на државата со цел регулирање на сметководството во јавниот сектор. Трето, развива локален капацитет за самостојно водење на програмата преку обука на локална институција и на поединци како и тесна соработка со Министерството за финансии на Северна Македонија со цел да се обезбеди сопственост на овој процес.

Оваа итерацијата на *PACT* проектот се случи во исто време со нови предизвици за *CEF*, за македонскиот јавен сектор и за целиот свет. Проектот почнавме да го спроведуваме во период кога појавата на КОВИД-19 го прекина дотогашниот начин на живот. Ова бараше од нас да покажеме агилност и да се приспособиме на околностите. Беше потребно да имплементираме нови начини на комуникација и учење во однос на сите наши планирани активности. Денес, со гордост можам да кажам дека ова е првата генерација студенти на *PACT* кои имаа можност да се обучуваат преку интернет, кои беа поврзани со колегите и со предавачите во услови кога беше речиси невозможно да се сретнат лично со нив.

Во име на тимот на *CEF*, им честитам на учесниците, предавачите, на Министерството и на сите други вклучени во обуката за остварените резултатите, на посветеноста и за напорната работа во време на неизвесност.

**ЈАНА РЕПАНШЕК**
Директор
*CEF*





CLASS MANAGEMENT
MOCK TEST









CEF host - Webex 3 (Host, me)
Marija
Maksim Acevski
Aleksandra Krstovska
Biljana Conkinska Mladenovs...
Magdalena Gaseva
Marina Percinic

# *РАСТ* ВО УСЛОВИ НА УЧЕЊЕ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ



На почетокот на 2020 година, додека правевме планови за стандардна обука т.е. обука за сметководители со физичко присуство, не можевме ни да замислиме дека наш единствен канал за комуникација, учење и споделување знаење наскоро ќе станат интернетот и онлајн платформите.

Бевме соочени со предизвик: Како да спакуваме една интензивна обука за сертификација, која обично се реализира во училница, во интернет формат? Како да се воспостави и одржува врската помеѓу студентите и туторите, а притоа сите да бидат безбедни? Како да се поттикнат работени во јавниот сектор да инвестираат во својот професионален развој во период на неизвесност и непредвидливост, како на деловен така и на личен план? Како да продолжиме понатаму?

Првото нешто што го направивме беше целосна промена на форматот на предавањата. Наместо обука во клас т.е. со физичко присуство, заедно со туторите подготвивме елементи за онлајн учење: вебинари, видео предавања, квизови и материјали за работа на задачи и учење. Преку наставните единици, учесниците можеа да се стекнат со знаење од различни модули, имаа можност да го проверат напредокот и знаењето и да го планираат своето време за учење. На вебинарите, тие градеа мрежа со други колеги, разговараа за најпроблематичните наставни единици и се подготвуваа за испит.

Сега, по повеќе од една година од спроведувањето на програмата, можеме да застанеме и да го прославиме она што сме го постигнале. Кога велам „ние“, мислам на сите кои беа вклучени во програмата: студенти, тутори, соработници, колеги. Иако ова беше нешто ново за сите нас, не само што успешно ја завршивме првата реализација на програмата *РАСТ* преку интернет, туку сега сме и побогати со ново искуство кое ќе ни помогне да се соочиме со идни предизвици.

Конечно, честитки до сите сметководители кои учествуваа во програмата. Без вас, вашата амбиција и вашата посветеност, ништо од ова немаше да биде возможно.

**ЈОВАНА КОЛОСКИ**
Проектен менаџер на *РАСТ* за Северна Македонија
*CEF*

**3**
МОДУЛИ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ

**13**
НЕДЕЛИ УЧЕЊЕ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ

**40**
ВЕБИНАРИ

**89**
ЧАСОВИ ВИДЕО МАТЕРИЈАЛ

## 11 *РАСТ* ТУТОРИ

### НАЦИОНАЛНА РЕГУЛАТИВА И ОДАНОЧУВАЊЕ

- МАКСИМ АЦЕВСКИ
- СЛАВИЦА ПЕКОВИЌ
- САША САШЕК ГОШЕВА
- АЛЕКСАНДРА БАЛЕВСКА-ДИМИТРОВСКА

### ФИНАНСИСКО СМЕТКОВОДСТВО

- АТАНАСКО АТАНАСОВСКИ
- АЛЕКСАНДАР НАУМОСКИ
- АЛЕКСАНДРА ДИМОВСКА
- МАРИНА ЈОВЕСКА БЛАЖЕСКА
- БОБАН ПАУНОВ

### УПРАВУВАЧКО СМЕТКОВОДСТВО

- МАРИНА ТРПЕСКА
- ФАТМИР АДЕМИ
- МАРИНА ЈОВЕСКА БЛАЖЕСКА
- БОБАН ПАУНОВ

# ВРЕДНА ПОДДРШКА ОД СТРАНА НА ДОМАШНИТЕ ЕКСПЕРТИ



Како тутор и колидер на групата на тутори за модул Финансиско сметководство, благодарен сум за можноста да учествувам во организирање на обуката за МССЈС и нивната примена од страна на сметководителите во јавниот сектор во Северна Македонија. Програмата *PACT* обезбедува драгоцена обука за развој на компетенции на сметководителите за примена на принципи и правила за пресметковно сметководство и за изготвување финансиски извештаи од страна на субјектите од државната управа во согласност со МССЈС. Како таква, обуката гради суштински човечки капитал потребен да ги поддржи идните напори на владата во периодот на транзиција во сметководството во јавниот сектор и во системот за финансиско управување заснован на пресметковна основа.

Група на сметководители од јавниот сектор беше активно вклучена во активности во рамките на обуката коишто беа дизајнирани да овозможат разбирање на принципите на пресметковно сметководство и примена на важечките МССЈС, да ги идентификуваат предизвиците при нивната примена во локалната средина и да ги препознаат очекуваните придобивки од модерните сметководствени практики. Организирањето на *PACT* обуката претставуваше предизвик, и често бараше тековно прилагодување на методите за организирање на обука. Наспроти предизвиците сврзани со пандемијата на КОВИД -19, во соработка со *CEF* успешно организиравме инвентивна настава, со наставни алатки овозможени преку веб консултации во живо и форуми за дискусија со цел да им обезбедиме соодветна поддршка за учење на студентите. Проектниот тим на *CEF*, ние како тутори, како и учесниците во *PACT* со себе ќе понесат драгоцено искуство од спроведувањето на проектот.

**АТАНАСКО АТАНАСОВСКИ**
Тутор и ко-лидер за Финансиско сметководство
Вонреден професор
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет



Како вработен во Министерството за финансии на позиција Раководител на Секторот за управување со ИПА-ЕУ фондови, имав можност да учествувам на обуки и да се стекнам со *CIPFA* меѓународен сертификат во 2015 година и со *CIPFA* меѓународна диплома за сметководство во јавниот сектор во 2016 година.

Стекнувањето со овие сертификати не беше лесно но мотивацијата беше многу голема знаејќи дека програмата е развиена од меѓународно водечко професионално сметководствено тело во јавниот сектор како што е *CIPFA*. Учество на овие обуки ми овозможи да се стекнам со компетнции и знаења за правилата, меѓународните стандарди, и практичните барања за сметководтсвото и финансиското управување со јавните финансии. Стекантите знаења од *CIPFA* програмите ми овозможија поправилно да ги разберам и применам меѓународните сметководствени правила како и да дадам предлози за усогласување на националното законодавство со меѓународните стандарди и правила од областа на сметководтсвото и јавните финансии.

Во 2021 година учествував како помлад тутор за модулот Управувачко сметководство од *PACT* програмата. Организацијата на предавањата беше предизвикувачки имајќи во предвид дека предавањата се реализира преку интернет. Сепак, преку различните алатки за online презентација кои што ги користивме како што се online квиз прашања, *online* групна дискусија, видео снимки, практични примери, овозможија соодвтено обработување на материјалот успешно пренесување на знаењето на студентите.

Тоа што ми остава посебен впечаток од обуките организирани од страна на *CIPFA* и *CEF* е врвната професионалност при спроведувањето на истите и тоа: содржината на материјалот со соодветна комбинација на меѓународните и националните правила, одлични предавачи, обезбедување на навремена одговор за секое прашање или нејаснотија за студентите и проценување на знаењата и вештините на студентите во согалсност со највисоките стандарди и правила.

Како заклучок, сметам дека бенефиции од учество на *CIPFA* програмите се многубројни како од аспект на личен раст и развој така и од аспект на контрибуција за развој и модернизација на системот за управување со јавните финансии.

**ФАТМИР АДЕМИ**
*PACT* студент и помлад тутор за Управувачко сметководство



„Мотото по кое јас се водам е: никогаш не престанувај да учиш и успехот неминовно ќе дојде. Отсекогаш знаев да ги „зграпчам“ сите можности кои што ги нуди образованието, а во овој случај тоа е *PACT* програмата обезбедена преку *CEF*, *CIPFA* и Министерството за финансии на Северна Македонија.

Со *PACT* програмата првпат се сретнав како студент, со што значително го збогатив моето искуство и знаење во областа на сметководството, пред сè за МСCJC. За пофалба се брзите реакции и одговори од страна на предавачите, кои се секогаш отворени за комуникација, подготвени да дадат совет и да го споделат своето знаење - не само во рамки на предметот, туку и во сите сфери на нивната стручност. Сепак, клучна за успехот е посветеноста на слушателот кон наставата, како и колегијалноста и соработката помеѓу студентите.

Она што ми остави најголем впечаток е учењето преку конкретни сценарија, примери и вежби, современата литература и одличната теоретска подготовка, континуираната размена на знаења и искуства со предавачите и останатите слушатели од групата.

Одличните резултати кои ги покажав како судент, придонесоа за мое ангажирање како помлад тутор во *PACT* програмата. На овој начин го збогатив своето професионално резиме и ги отворив вратите за нови достигнувања.

Уште првиот пат кога добив шанса да бидам тутор, решив да не ја пропуштам таа можност. Здобиеното искуство е огромно, а предизвикот и задоволството да го пренесеш своето знаење на некој друг и да му помогнеш во професионалниот живот е непроценливо.

Најважно од сè, со *PACT* програмата имав можност да воспоставам професионални и пријателски релации со голема мрежа на инспиративни, креативни и посветени професионалци, со кои се надевам на успешна и богата понатамошна соработка.

На сите кои размислуваат да се вклучат во *PACT* програмата, би им порачала воопшто да не се двоумаат, бидејќи се работи за инвестирање во самиот себе. Овде не можете да згрешите со изборот. Сè што се сака - се може, само ако се работи посветено и упорно.

**САША САШЕК ГОШЕВА**
*PACT* студент и помлад тутор за Национален модул
Помошник директор на Сектор за финансиски прашања
Царинска управа








CEF host - We... (Host...)
Mladen Vlahovic
Marina
Aleksandar Naumoski

# ШТО ВЕЛАТ УЧЕСНИЦИТЕ ЗА ПРОГРАМАТА *РАСТ*



Да се биде дел од програмата *РАСТ* беше една од најдобрите можности кои ни се дадени за учење на овие 10 години искуство во платежниот и сметководствен сектор, односно секторот на јавни финансии. Беше привилегија можноста да се учи од успешни професори и администратори, иако начинот на комуникација поради КОВИД-19 околностите беше мошне предизвикувачки и несоцијален.

Начинот на кој оваа програма е поделена на три сесии беше многу добро осмислен. Прво работевме на финансиско сметководство, потоа на управувачко сметководство и сега на последниот дел што е поврзан со законодавството во Северна Македонија. Иако голем дел од она што го учивме е дел од нашата секојдневна работа во сметководство во јавниот сектор, морам да признаам дека имаше и многу материјал кој го збогати нашето сегашно знаење.

Ова е ново, но многу важно професионално и лично искуство, бидејќи без оглед на нашето досегашно искуство и знаење, секогаш треба да се усовршуваме и да ја работиме нашата работата уште подобро, а особено во оваа форма која е многукратно повредна од обуките кои ни беа понудени претходно.

На крајот сакам да напоменам дека ми беше задоволство да соработувам со колеги од различни институции, но со слични искуства и со *CEF* и *CIPFA*, со надеж дека проектите од ваков вид ќе продолжат да бидат постојана практика и во иднина, поддржувајќи и подобрувајќи го знаењето во сметководството во јавниот сектор.

**КУЈТЕСА ХАЈРУЛАИ ПУШКУЛЕ**
*РАСТ* студент
Овластени сметководител
Општина Струга



Пред се , моето учество како студент во *PACT* програмата ми овозможи убава можност да се стекнам со нови и дополнителни знаења од областа на финансиското и управувачкото сметководство, како и целокупната законска рамка и важечка национална легислатива во Република Северна Македонија што ја покрива оваа област.

Посебно би ставил акцент на делот од обуката која го опфати финансиското сметководство преку изучување на МССЈС и ни го доближи разбирањето за сметководството на пресметковна основа и разликата во однос на сметководство на парична основа кое се применува во нашиот национален систем, вклучувајќи го знаењето за начинот на евидентирање, класифицирање и сумирање на деловните трансакции и составување на финансиски извештаи од овие евиденции. Во делот на управувачкото сметководство, изучувањето на теориите и техниките во врска со планирање, донесување на одлуки и контрола допринесе до подобри разбирања за начинот на изготвување на плановите, анализите и извештаите во работењето со буџетските средства.

Наставата во услови на воведување на КОВИД-19 мерки беше преку интернет, без физичка интеракција и лично запознавање со останатите учесници - ново искуство за сите нас кои обуката ја следевме комбинирано, преку видео презентација односно предавање online, што пак од своја страна имаше своја предност од аспект на тоа што сите презентации можевме да ги следиме повторно во било кое време и неограничен број пати. Имавме привилегија да бидеме едуцирани од врвни стручњаци и професионалци во својата област, меѓу кои и универзитетски професори и Главниот државен ревизор.

Упатувам голема благодарност до сите тутори кои максимално го вложија сето свое знаење и време за да ни помогнат во полесно совладување на материјата, во целиот период за припрема, пред се, преку електронска комуникација. Самите испити беа предизвик за мене, да го вложам максимумот имајќи ги во предвид тежината на задачите/прашањата и времето потребно за решавање, тестираќи ги истовремено и моето знаење и брзината.

На крајот сакам да го искажам моето големо задоволство што бев дел од програмата *PACT* во Северна Македонија и што низ ова патување до завршувањето на Ниво 1, покрај стекнатите знаења и вештини, запознав и нови пријатели, колеги од областа на финансиите од јавниот сектор со кои редовно разменуваме искуства и знаења.

**ЗОРАН ЈОВАНОВСКИ**
*PACT* студент
Раководител на одделение за финансиско и материјално работење
Виш управен суд Скопје



Моето прво искуство со *CEF* и *CIPFA*, беше програмата *PACT* која беше организирана од септември 2020 година. Да се биде студент на *PACT*, во првата генерација која студира преку интернет, за мене беше многу корисно и ретко искуство. Учењето со виртуелни алатки, одржувањето *online* часови од страна на тутори со користење на *Webex* платформата во периодот на изолација и пандемија, беше голем предизвик за нас, студентите.

Програмата *PACT* се состои од три дела: финансиско сметководство, управувачко сметководство и национален модул со постојното законодавство. Овие делови заедно ја надополнуваат рамката за успешен овластен јавен сметководител во јавниот сектор. Програмата е процес кој бара од студентите да посветат значајно време на континуирано учење, со пишување домашни задачи и подготовки пред почетокот на секоја сесија. Материјалот на работните книги беше многу обемен и тој е подготовка за сметководителите во јавниот сектор за премин кон пресметковно сметководство.

За нас, студентите, совладувањето на испитниот материјал беше многу полесно благодарение на советите дадени од врвни универзитетски професори и поранешни студенти кои станале тутори. Испитите во програмата ме научија да бидам брза, ефикасна и прецизна во донесувањето заклучоци и решавањето на логичките проблеми со кои се соочува секој сметководител при извршувањето на своите работни задачи.

За мене како внатрешен ревизор кој работи во општина која се наоѓа централно во државата, стекнувањето диплома за овластен сметководител во јавниот сектор е многу важно, бидејќи секој ревизор кој сака да биде професионален и компетентен, треба да има познавање од сметководствени стандарди и правила за финансиско управување и известување. Силно им ја препорачувам програмата на сите мои колеги, внатрешни ревизори и сметководители во јавниот сектор, бидејќи таа е синергија на лекции, добри практики и средби со колеги.

**НАДИЦА ТОШЕВА**
*PACT* студент
Виш ревизор
Општина Велес


BRING IT BACK
Take Note!

# КОМПЛЕМЕНТАРНИ АКТИВНОСТИ ЗА СПОДЕЛУВАЊЕ НА ЗНАЕЊЕ

Пандемијата со КОВИД-19 ја потенцираше важноста која ја има сметководството во јавниот сектор за ефикасно управување со јавните финансии и за значењето кое го имаат вмрежувањето и споделувањето искуство и предизвици со сметководителите во регионот.

Наша цел беше да обезбедиме можности за дополнително учење и за споделување знаење за сметководителите од јавниот сектор и за другите службеници. Во соработка со *CIPFA* и со домашни и меѓународни експерти, истраживме различни формати на учење. Сметководителите имаа можност да се стекнат нови знаења за различни теми и активности, што ја зајакна нивната улога во процесот на закрепнување од КОВИД-19 и во спроведувањето на реформите.



# НАСТАНИ КОИ БЕА ОРГАНИЗИРАНИ

### ФИНАНСИСКО СМЕТКОВОДСТВО, УПРАВУВАЧКО СМЕТКОВОДСТВО И КОВИД-19

ВЕБИНАРИ

Разговаравме за тоа на кој начин знаењето стекнатно преку финансиско и управувачко сметководство им помага на сметководителите во:

- препознавање на вредноста на усогласувањата и контролите врз финансиските информации
- обезбедувањето одговорност и подготовката на јасна и целосна евиденција и изјави од активностите за целите на внатрешно и надворешно разгледување
- препознавање како да се упарат информациите една со друга за да се направи проценка на релевантните активности
- потценување на вреднувањето на средствата и евидентирање на плаќањата и сметките
- градење однос кон ризикот и негово влијание врз одлучувањето
- подобрено управување со залихите и со набавките

### ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИТЕ И СИНЕРГИИТЕ ВО СМЕТКОВОДСТВОТО И РЕВИЗИЈАТА

ХИБРИДНА КОНФЕРЕНЦИЈА

Конференцијата обедини на едно место сметководители и ревизори кои работат во министерствата за финансии и во ресорните министерства, како и претставници на највисоките ревизорски институции, менаџери за човечки ресурси и академската заедница, овластени сметководители и ревизори на *CIPFA* и други јавни службеници чија работа се однесува на темите што беа предмет на дискусија:

- управување со средствата на јавниот сектор
- измама и антикорупција
- лидерство за реформи
- промовирање на учењето и споделувањето знаење кај сметководителите и ревизорите

Организиран како хибриден настан, истиот претставуваше платформа за размена на стручно знаење, искуства, најдобри практики и препораки за сметководителите од јавниот сектор, како на регионално така и на глобално ниво.

### МЕЃУНАРОДНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ СТАНДАРДИ ВО ЈАВЕН СЕКТОР

РАБОТИЛНИЦА

Оваа обука направи комбинација од теоријата и практиката, меѓународните, регионалните и локалните аспекти, овозможувајќи им притоа на учесниците увид во предизвиците и можностите во локалната средина.

Сметководителите од јавниот сектор имаа шанса да:

- дискутираат со експерти и колеги за предизвиците, границите и можностите за примена на МССЈС во локалната и регионална средина
- се запознаат со барањата и придобивките од пресметковното сметководство,
- го подобрат своето знаење во врска со употребата и влијанието на конкретни меѓународни сметководствени стандарди.









## ДОНАТОРИ НА ПРОЕКТОТ

SLOVENIAN AID

Republic of North Macedonia
Ministry of Finance

CEF
Connect. Learn. Act.

Оваа брошура е резултат на проектот Обуката за сертифицирање на сметководители во јавниот сектор (*PACT*) која беше финансиски поддржана од Министерството за надворешни работи на Словенија, преку *Slovenian Aid*. Министерството за финансии на Северна Македонија и *CEF* обезбедија *in-kind* поддршка на проектот. Изјави содржани во оваа публикација не мора да значи дека ги одразуваат ставовите на *CEF*, на институциите и на владите на соодветните земји.

# ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА *CEF*

## НАША ВИЗИЈА

Како лидери во учењето, наша визија е да ги инспирираме јавните службеници, како поединечно така и како тимови, да оформат институционално управување кое ќе води кон успешни економии и правични општества.

## НАША МИСИЈА

Го поддржуваме развојот на капацитетите на јавните службеници и на нивните институции во Југоисточна Европа, преку учење и споделување на знаењето.

## НАШИ ВРЕДНОСТИ

- **ДОВЕРБА:** Ние си веруваме себеси и еден на друг во насока на остварување на нашата цел - да овозможиме висококвалитетни програми, да ја поддржуваме регионалната соработка и да работиме ефективно со нашите партнери.
- **ТИМСКИ ДУХ:** Се почитуваме, прифаќаме и поддржуваме едни со други, во комбинирањето на нашите различни улоги и капацитети.
- **ФОКУС НА РЕЗУЛТАТИТЕ:** Поставуваме јасни и мерливи цели со конкретни акциски планови и ефикасно користење на ресурсите, истовремено земајќи ги предвид интересите и капацитетите на тимот
- **ОТЧЕТНОСТ:** Усогласувајќи го нашиот личен интегритет со јасните очекувања на организацијата, ние преземаме одговорност за она што го правиме, како го правиме тоа и како тоа влијае на светот околу нас.
- **МОЖНОСТ ЗА *РАСТ*:** Посветени сме на тоа да поддржуваме средина во која што растеме како поединци и како тим(ови).

## НАШ ИСТОРИЈАТ

Денес сме лидери во спроведувањето на пристапи за учење кои во својот центар ги ставаат луѓето и во поседувањето на знаење да се стане и да се биде организација која учи. Во 2015 година, *CEF* стана и меѓународна организација по изминати 14 многу успешни години како регионална институција. Основани сме во 2001 година во рамките на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа од страна на словенечката влада а на иницијатива на словенечкото Министерство за финансии и во тесна соработка со другите министерства за финансии на поранешните југословенски републики и Албанија.


**CEF**

Cankarjeva 18
1000 Ljubljana
Slovenia

+386 1 369 6190
info@cef-see.org
www.cef-see.org


СЛЕДЕТЕ НЕ НА

Претплатете се на нашиот билтен на **www.cef-see.org**


**Издавач:** *CEF* • **Фотографии:** *CEF*. Фотографиите се направени на вистински настани на *CEF*. • **Прелом:** Соња Ержен • **Печати:** *Demat d. o. o.*